Вака учесниците на **работилницата „Интернет присуство на граѓанските организации“** ја разбираат потребата од поголема „он-лајн“ активност на нивните организации.



„Овој настан ми дава можност да го потврдам своето досегашно познавање во оваа област и да научам нешто ново“, рече Светлана Папачек, од Организацијата на жени од Битола.

Вкупно **18 учесници** имаа можност да ги подобрат своите **вештини поврзани со употребата на социјалните медиуми, подобрување на веб-страните, подготовка на содржини, планирање на кампањи, употреба на видео** итн. Покрај тоа, учесниците имаа можност за вмрежување и разгледување на потенцијални заеднички соработки.



Работилницата што ја организираше Проектот ТАКСО (Техничка поддршка за граѓански организации) заедно со Ресурсниот центар воден од **МЦМС** се одржа од 21 до 23 декември во Битола.